Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-863
09.12.2023 год.
БИТОЛА

П Л А Н

ЗА 2023 ГОДИНА

(ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ)

На ЈКП " ВОДОВОД " – Битола

Битола, декември 2023

ВОВЕД

ЈКП „Водовод“ Битола својата програма ја заснова врз следните параметри:

- Аналитички приод на остварените резултати од претходните години, како и деветмесечниот период од тековната година.
- Примена на економските принципи на работењето како економичност, продуктивност и рентабилност.

I **Вкупниот приход** да се реализира во висина од **284.924.408,00** денари што би било зголемување од 12% во споредба со предвиденото за 2022 година, кое е за 1% помало во споредба со остварено во 2021 година.

Формирањето на вкупниот приход се планира да биде според следната структура:

1. Од **приходи од продажба на производи и услуги** се планира да се остварат средствата во висина од **248.876.000,00** денари што би било зголемување за 9% во споредба со предвиденото за 2022 година, што е зголемување од 2% во споредба со реализираното за 2021 година, со учество од 88% во вкупните приходи, од тоа:

   а) Од **реализација на вода** се очекува реализирање на **239.126.000,00** денари што претставува зголемеување од 5% во споредба со предвиденото за 2022 година, кое е за 8% повеќе во споредба со реализацијата на вода за 2021 година.

   Предвидената реализација треба да се оствари под следните услови:

   - Да се реализираат **6.400.000,00 m³** вода, според следната структура:
     1. Домаќинства **4.700.000 m³** или 73%
     2. Правни лица **1.700.000 m³** или 27%

   Истата е формирана по цени согласно Решението доставено од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. **УП1 бр. 08-102/20 од 23.07. 2020 год**. до ЈКП „Водовод“ – Битола, за утврдување на тарифа за вода за пиење за регулиран период 2021-2023 година и Одлуката за утврдување на тарифи за вода во ЈКП Водовод Битола за регулиран период од 2021-2023 година **бр.02-4/48/1 од 05.08. 2020 година** донесена од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола и Решението за давање на согласност од Советот на Општина Битола со **бр. 09-96/39 од 10.09. 2020 година** и тоа:

   За 2022 год.
   1. Домаќинства **31,78 ден 1 m³**
   2. Правни лица **52,80 ден 1 m³**

   б) Од **реализацијата на услуги** во согласност со планот и програмата за работа на **Општина Битола**, реализација на услуги кон трети лица и приклучоци преку **„одделението за водоводна мрежа и приклучоци“**се очекува реализирање на **7.500.000,00** денари.

в) Од **одделение „Водомерна работилница“** се очекува реализација од 750.000,00 денари, кое е за 35% повеќе во споредба со реализираното за 2021 година.

ц) Од **„Сектор финансии, сметководство и комерција“** се очекува реализација од 1.500.000,00 денари што е за 29% повеќе во споредба со предвиденото за 2022 година, кое е поголемо за 1% во споредба со реализираното за 2021 година.

2. **Приходи од основ на употреба на сопствени средства за сопствено производство (приходи од сопствено учество)** се очекува да се реализираат **6.500.000,00** денари што е за 233% повеќе од предвиденото за 2022 година, кое е за 68% намалено во споредба со реализираното за 2021 година.

3. Од **останати деловни приходи** треба да се реализираат **19.850.000,00** денари кои се за 44% зголемени во споредба со предвиденото за 2022 година, кое е за 12% намалено во споредба со реализираното за 2021 година.

4. **Приходите од извршени услуги од поврзани субјекти,** односно реализацијата од ХЕП „Водовод“ се планира да изнесуваат **9.698.408,00** денари кои се на исто ниво со предвиденото за 2022 година, кои се на исто ниво со реализираното за 2021 година.

II **Вкупните расходи** според планот треба да изнесуваат **279.371.741,00** денари или се за 5% зголемени во споредба со предвидувањата за 2022 година, што е за 3% намалени во споредба со остварените во 2021 година. Според структурата на расходите се очекува следното движење на трошоците:

а) **Материјалните трошоци со амортизацијата** се предвидува да изнесуваат **122.821.741,00** денари, кои се зголемени за 5% во споредба со предвиденото за 2022 година, кои се за 4% зголемени во споредба со остварените во 2021 година, со учество од 43% во вкупните деловни расходи и тоа според следната структура:

- **Материјалните трошоци** да изнесуваат **92.821.741,00** денари
- **Амортизацијата** да изнесува **30.000.000,00** денари

б) **Нематеријалните трошоци** да изнесуваат **41.550.000,00** денари што е зголемено од 13% во споредба со предвиденото за 2022 година, кое е намалено за 31% во споредба со реализираното за 2021 година, со учество од 15% во вкупно деловните расходи.

в) Износот за **бруто платите** се планира да бидат поголеми за 3% во споредба со предвиденото за 2022 година, кои се зголемени за 4% во споредба со реализираното за 2021 година.

III Планираната бруто добивка се очекува да изнесува 5.552.000,00 денари

IV Данокот на добивка да изнесува 1.500.000,00 денари

V Нето добивката да изнесува 4.052.000,00 денари

ПЛАН

НА ФАКТУРИРАНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО СЕКТОРИ ЗА 2023

Во 000 ден

Реден број	Категорија на потрошувачи	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	План 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2	3	4	5	6	7	8
1	**Сектор за Водоснабдителни инсталации**	**223,637**	**166,584**	**227,675**	**247,376**	**102**	**109**
*	Реализација од вода	210,678	161,945	221,490	239,126	105	108
*	Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци	10,532	4,221	5,628	7,500	53	133
*	Одделение Водомерна работилница	2,427	418	557	750	23	135
2	**Сектор за финасии сметководство и комерција**	**1,156**	**1,116**	**1,488**	**1,500**	**129**	**101**
*	Одделение за сметководство	1,156	1,116	1,488	1,500	129	101
3	**Вкупно 1+2+3**	**224,793**	**167,700**	**229,163**	**248,876**	**102**	**109**

Од прикажаниот приказ на планираната фактурирана реализација по сектори може да се согледа следната распределба;

1. Сектор за Водоснабдителни инсталации учествува со 99,42% во вкупната фактурирана реализација.

- Реализацијата од вода учествува со 96,08% во вкупната реализација
- Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци учествува со 4,18%
- Одделение Водомерна работилница со 0,29%

2. Сектор за финасии сметководство и комерција учествува со 0,58%

- Одделение за сметководство со 0,58%

ПЛАН

НА ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ ЗА 2023

Во денари

Конто	Вид Пприход	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	План 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2	3	4	5	6	7	8
730	ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ	9,698,408	7,273,806	9,698,408	9,698,408	100	100
740	ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА	224,785,021	167,578,436	229,163,000	248,876,000	102	109
745	ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП. ПРОИЗВОДСТВО	6,159,727	121,703	1,950,000	6,500,000	32	333
764	ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ	153,448		250,000	250,000	163	100
765	ПРИХОДИ ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА	2,855,231	2,598,657	3,460,000	3,500,000	121	101
767	ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ СУБВЕНЦИИ	2,983,675			3,500,000	0	
769	ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД (АДВОК. СУДСКИ, ИЗВРШНИ, МАНИПУЛАТИВНИ, ШТЕТИ)	9,061,313	7,670,060	9,500,000	11,500,000	105	121
774	ПРИХОДИ ОД КАМАТИ	619,164	304,816	655,000	1,100,000	106	168
	Вкупно 1+2+3+4	**256,315,987**	**185,547,478**	**254,676,408**	**284,924,408**	**99**	**112**

Од горе прикажаниот приказ на деловни приходи може да се согледа:


- Приходите од продажба учествуваат со 88,45% од вкупните приходи.
- Приходите од услуги на поврзани субјекти учествуваат со 3,38% во вкупните приходи.
- Приходите од основ на употреба на сопствено производство учествуваат со 0,7% во вкупните приходи.
- Други приходи од финансирање учествуваат со 0,071% во вкупните приходи.
- Приходите од наплатени отпишани побарувања учествуваат со 1,22% во вкупните приходи.
- Приходите од премии и субвенции учествуваат со 0,52% во вкупните приходи.
- Останатите приходи од (адвок. Судски, извршни, манипулативни, штети), учествуваат со 5,25 во вкупните приходи.
- Приходите од камати учествуваат со 0,38% во вкупните приходи.

П Л А Н

На физичкиот обем на реализација од вода за 2023 година

М3

Реден број	Категорија на потрошувачи	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	План 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2				6	7	8
1	Домаќинства	4,585,672	3,472,990	4,630,653	4,700,000	101	101
2	Правни лица	1,467,038	1,136,345	1,515,127	1,700,000	103	112
	Вкупно	**6,052,710**	**4,609,335**	**6,145,780**	**6,400,000**	**102**	**104**




Графички приказ на физичкиот обем на реализација од вода во m^3 за 2023 година

Од прикажаниот преглед за физичкиот обем на реализацијата на вода, може да се согледа дека најголемо учество во истиот, има реализацијата на вода од домаќинствата со 73%, додека правните лица учествуваат со 27%.

П Л А Н
На реализација на вода во финасови показатели за 2023 година

Во 000 денари

Реден број	Категорија на потрошувачи	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	ПЛАН 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2	3	4	5	6	7	8
1	Домаќинства	143,108	99,896	143,319	149,366	100	104
2	Правни лица	67,570	62,049	78,171	89,760	116	115
	Вкупно	**210,678**	**161,945**	**221,490**	**239,126**	**105**	**108**



Графички приказ на на реализација на планот за вода во финансови показатели за 2022 година

Реден број	Категорија на потрошувачи	m³	Учество во %	Цена	Износ
1	2	3	4	5	6
1	Домаќинства	4.700.000	73	31,78	149.366.000
2	Правни лица	1.700.000	27	52,80	89.760.000
	Вкупно	6.400.000	100		239.126.000

Во финасови показатели, фактурираната реализација се очекува да биди според следната структура:

Домаќинства 62%
Правни лица 38%

ПЛАН
На деловните расходи за 2023

Во денари

Конто	Назив	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	План 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2	3	4	5	6	7	8
400	ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ	35,275,156	24,864,634	35,000,000	35,000,000	99	100
401	ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ	3,931,762	1,739,345	2,150,000	2,300,000	55	107
402	ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА	26,425,408	33,355,279	39,500,000	40,000,000	149	101
407	ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	1,894,710	318,894	350,000	500,000	18	143
411	ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ	1,907,840	1,508,171	1,700,000	1,750,000	89	103
413	УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА	5,222,248	4,208,951	4,750,000	5,500,000	91	116
414	ЗАКУПНИНА	1,060,941	795,785	1,060,941	1,060,941	100	100
415	КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	1,251,400	662,693	900,000	1,100,000	72	122
417	ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА		10,800	10,800	10,800		100
419	ОСТАНАТИ УСЛУГИ	5,773,173	1,533,582	2,450,000	5,600,000	42	229
422	ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	14,736,843	9,343,759	12,500,000	12,500,000	85	100
440	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ	169,223	91,882	120,000	400,000	71	333
441	НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ	344,744	168,250	190,000	550,000	55	289
442	ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО	866,688	650,016	866,688	870,000	100	100
443	СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ	2,012,767	1,609,064	1,750,000	3,200,000	87	183
444	ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	402,123	123,801	114,900	650,000	29	566
445	ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ	6,217,794	7,821,182	7,950,000	7,700,000	128	97
446	БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ	623,692	498,480	520,000	530,000	83	102
447	ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ	578,831	443,903	515,000	600,000	89	117
449	ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ.	2,095,724	1,046,142	1,110,000	1,500,000	53	135
455	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРАУВАЊА	15,353,210	46,172	5,500,000	6,500,000	36	118
460	ЗАГУБИ	381,193			50,000	0	
464	КУСОЦИ КАЛО, РАСТУ. И КРШЕЊЕ		47,384	47,384	47,384	100	75

469	ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО	6,844,533	3,406,173	4,215,000	4,500,000	62	107
474	РАСХОДИ ОД КАМАТИ	2,551,730	1,193,612	1,350,000	2,000,000	53	148
	ВКУПНО материјални трошоци	**82,742,638**	**68,998,134**	**87,871,741**	**92,821,741**	**106**	**106**
	ВКУПНО нематеријални трошоци	**53,179,099**	**26,489,820**	**36,764,767**	**41,550,000**	**69**	**113**
	ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци	**135,921,737**	**95,487,954**	**124,636,508**	**134,371,741**	**92**	**108**
430	ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА	29,929,598	22,746,702	29,000,000	30,000,000	97	103
	ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација	**165,851,335**	**118,234,656**	**153,636,508**	**164,371,741**	**93**	**107**
420	ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА	107,476,029	84,518,674	112,000,000	115,000,000	104	103
	ВКУПНО РАСХОДИ	**273,327,364**	**202,753,330**	**265,636,508**	**279,371,741**	**97**	**105**

Според планот за 2023 година **вкупните расходи** се предвидени во износ од **279.371.741.00** денари, што се зголемени за 5% во споредба со предвиденото за 2022 година, кои се намалени за 3% во споредба со реализираното од 2021 година.

Структурата на планираните вкупни трошоци се одвива според следниот редослед;

- Вкупните **материјални трошоци** се планира да бидат зголемени за 6% во споредба со предвиденото за 2022 година, кои се зголемени за 6% во споредба со реализираното за 2021 година.
- Вкупните **нематеријални трошоци** се планира да бидат зголемени за 13% од предвиденото за 2022 година, кои се намалени за 31% во споредба со реализираното за 2021 година.
- Износот за **бруто плати и надоместоците за плата** се планира да биде поголема за 1% во споредба со предвиденото за 2022 година, кои се зголемени за 4% во споредба со реализираното за 2021 година.
- Пресметаната **амортизација** се планира да биде зголемена за 3% во споредба со предвиденото за 2021 година, која е намалена за 5% во споредба со реализираното за 2020 година.

Во Врска со Проектот „Водовод и канализација на општините“ со Договор за склучен под-заем помеѓу Министерството за финансии (арх.бр. 10-14021 од 12.04.2011 год), ЈКП Водовод Битола (арх.бр 05.312 од 112.04.2011 год.) и општина Битола (арх.бр. 08-838/1 од 12.04.2011 год.), Министерството за финасии му додели на ЈКП Водовод Битола под - заем во износ од 1.755.470,00 ЕУР, деноминиран во денари (МКД) 96.762.668,00 денари со каматна стапка од 2%. Во периодот од 20.06.2016 год. до 20.06. 2021 год. исплатено е по основ на камата вкупно 10.643.893,00 денари. На ден 20.12. 2021 год. ЈКП Водовод Битола започна со исплата на основица во износ од 2.615.207,00 денари плус камата од 967.626,86, односно вкупно за исплата 3.582.833,68 денари. Во 2022 година се исплатени 7.165.667,66 денари.

ПЛАН

На распределба на вкупниот приход за 2023

Во 000 ден.

Реден број	Елементи	Остварено 2021	Остварено 1-9 2022	Предвидено 2022	План 2023	Инд. 5/3	Инд. 6/5
1	2	3	4	5	6	7	8
1	**Вкупен приход**	**256,316**	**185,547**	**254,676**	**284,924**	**99**	**112**
	Приходи од продажба на производи и услуги	224,785	167,578	229,247	248,876	102	109
	Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти	9,698	7,274	9,699	9,698	100	100
	Приходи од сопствено учество	6,160		1,950	6,500	32	333
	Останати деловни приходи	15,673	10,695	13,780	19,850	88	144
2	**Вкупни расходи**	**273,407**	**202,631**	**265,637**	**279,372**	**97**	**105**
	Материјални трошоци со амортизација	112,672	91,622	116,872	122,822	104	105
	Нематеријални трошоци	53,259	26,490	36,765	41,550	69	113
	Бруто плати	107,476	84,519	112,000	115,000	104	103
3	**Бруто добивка**	**-17,091**	**-17,084**	**-10,961**	**5,552**		
	Данок на добивка	347			1,500		
	Нето добивка(загуба)	-17,437			4,052		

П Л А Н

за инвестициона активност во 2023 година

1. Изведба на нови водоводни линни и објекти и реконструкција на застарена и дотраена дистрибутивна водоводна мрежа

- Изградба на нови водоводни линии и објекти на дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии во согласност со планираниот план и програма на Општина Битола (буџет на Општина Битола).
- Тековно инвестиционо одржување на дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти со планирање и изработка на проектна документација.

2. Осовременување на филтерската станица Дихово

Заради подобрување на процесот на филтрација како и перењето на филтерските полиња се предвидуваат низа мерки:

- Реконструкција на дел од хидромеханичката опрема во машинската сала на филтерницата и поврзување на истата во SCADA системот.
- Замена на хидрауличките вентили на дел од филтерските полиња
- Набавка на еден нов компресор за перење на филтерските полиња.

3. Со цел намалување на трошоците за електрична енергија и изголемување на енергетската ефикасност на објекти во сопственост на ЈКП Водовод Битола во 2023 година, се планира изготвување на проект и проектна документација за набавка на **фотоволтаици** за производство на електрична енергија. Фотоволтаиците би се поставиле на парцелата од старата филтер станицата Дихово, како и на покривните конструкции на објектите во стопанскиот двор на ЈКП Водовод Битола, за што е во тек изработка на физибилити студија.

4. Набавка на георадар за пронаоѓање на дефекти во водоводни лини. Георадар е е локатор на подземни дефекти. Георадарот е најсовремен, висококвалитетен, интелигентен радар што продира на земја за професионалци за лоцирање на комунални услуги, вклучува поддршка за пронаоѓање на дефекти, безжично собирање податоци со помош на мобилни уреди; складирање, пост-обработка и известување на лице место користејќи ја базата на податоци.

Изготвувач :

Одделение за финансии,
план и анализа

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" 1 Битола

ЈКП „ВОДОВОД“- Битола
